Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа - Institucioni Nacional
Центар за култура - Qendra per kulture
ИЉО АНТЕСКИ - СМОК - ILO ANTESKI - SMOK
Тетово Tetovë

| Примено : Pranuar : | 26.04.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един : Nj. org. : | Број : Numer : | Прилог : Shtojce : | Вредност : Vlera : |
| 0506 | 216/1 | | |

Архивски знак:
Shenja arkivore: ______
Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ______
______ 20____ година viti
Потпис Nënshkrimi ______

**ЗАПИСНИК**
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57 - 39**
**Датум: 25.04.2024 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Национална установа – Центар за култура „Иљо Антески Смок" - Тетово (во натамошниот текст: Центар) |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „Маршал Тито" бб, Тетово |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ, Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| , в.д. директор | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 19.04.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 09.45 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 19.04.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Националната установа – Центар за култура „Иљо Антески Смок" - Тетово | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши | Дејности на објектите за културни манифестации (шифра 90.04) | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| надзорот | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. „Маршал Тито“ бб, Тетово |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Наредба на министерот за култура ИП 1 бр. 57 – 39 од 19.04.2024 година за вршење вонреден инспекциски надзор во НУ- Центар за култура „Иљо Антески Смок“, Тетово.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

- Маја Митревска, виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (**во натамошниот текст: СУИН на МК).**

5)**Предмет на вонредниот инспекциски надзор:**

**Предмет:** Инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на одредбите од Законот за културата („Сл. весник на РМ” бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), во работењето на Центарот.

**Основ:** член 82 став (1) од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ” бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 71 став (1) и (2) од **Законот за инспекциски надзор**.

6) Во **извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор

**7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| в.д. | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| директор | | |

**8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:**

| Ред. бр. | Име и презиме/својство | Контакт податоци |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | раководител на Сектор за материјално-финасиско работење и сметководство | |

**9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на редовниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.**

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

-Инспекцискиот надзор започна во 9.45 при што инспекторот констатираше дека од вкупно 21 редовно вработени извршители (вклучително и в.д. директорот), на своите работни места беа затекнати само шест лица и тоа: в.д. директор, советник за општи и правни работи, помлад соработник за меѓународни односи, помлад соработник за маркетинг, раководител на Сектор за материјално-финансиско работење и сметководство, помлад соработник за маркетинг и односи со јавност и програмски раководител, додека според изјавата на в.д. директорот, вработените советник за ИТ и помлад соработник-технички секретар, поради одвивање на изборниот процес, се ангажирани во Општинска Изборна Комисија, Тетово и Желино.

Останатите вработени дојдоа на своите работни места откако беа повикани од дома од страна на в.д. директорот на Центарот, притоа од страна на инспекторот

беше укажано дека е потребно да се почитува работното време на Центарот и да се доаѓа редовно на работното место заради извршување на работните задачи утврдени со правилниците за систематизација и внатрешна организација на Центарот, а за што се исплаќа плата.

-Согласно со член 34 став 1 и 2 од Законот за културата, со Решение бр. 44-10767/3 од 05.12.2023 г., за вршител на должноста директор на Центарот, именуван е со мандат до избор на директор на Центарот, а најдолго за шест месеци. Во Централниот Регистар на РСМ, Регионална регистрациона канцеларија, Тетово, е запишан како овластено лице, односно в.д. директор на Центарот на 13.12.2023 година, додека во Министерство за финансии на РСМ, Трезорска канцеларија во Тетово, запишан е и како овластен потписник на буџетската сметка и на останатите сметки на Центарот.

-Согласно со обврската од членот 70-б став (2) од Законот за културата, националните установи во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до МК за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, кој содржи наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, при надзорот утврдено е дека в.д. директорот на Центарот постапил по оваа обврска, односно изготвен е и до МК е доставен „Годишен извештај за работата и финасиското работење за 2023 година", заведен под бр. 0501-120/1 од 18.03.2024 година којшто е усвоен со Одлука бр. 0202-149/2 од 27.03.2024 година на Управниот одбор.

- Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, в.д. директорот на Центарот, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањата на решенијата на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека министерот за култура донел решение за проектите на Центарот за 2024 г., а в.д. директорот донел Годишна програма за работа на Центарот бр. 0302-61/2 од 13.02.2024 г., во законски предвидениот рок од 15 дена.

### 10.1. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р.С. Македонија во период од 01.01.2024 година заклучно со 18.04.2024 година


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Од Буџетот на Република Северна Македонија, преку Министерството за култура, **во горенаведениот период,** финансирана е дејноста на Центарот со средства во вкупен износ од **130.103.521 денари**, за следните намени:

- **плати и придонеси од плати** **4.073.039 денари**
- **програмски активности** **1.450.000 денари**
- **материјални трошоци** **70.000 денари**
- **инвестиции (градежни објекти)** **124.148.342 денари**
- **комунални услуги и греење** **362.140 денари**

**Според Банков извод бр. 11 од 18.04.2024 година, салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Центарот изнесува 1.327.451 денари и тоа 440. 000 денари на програма 60-464 визуелни уметности, архитектура и дизајн, 607.198 денари на програма 47-464 фолклор, 80.253 денари на програма 47-421 комунални услуги и греење и 200.000 денари на програма 41-464 драмска дејност.**

Преведените средства, се наменети за реализација на проекти од следните дејности:

| Р. бр. | Програма | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | 47– Фолклорна дејност | 1.232.140 | Од коишто:<br>-362.140 денари за комунални услуги (вода и ѓубретарина) и греење;<br>-70.000 денари, за материјални трошоци;<br>-800.000 денари, за програмски активности |
| 2. | 41 – Драмска дејност | 200.000 | - |
| 3. | 60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн | 450.000 | - 10.000 денари се обврска исплатена во 2024 за хонорар на лицето ангажиран по Договор на дело за вршење на технички работи бр. 0307-449/2 од 26.11.2023 г., во Проект-изложба „Без наслов“ од програма за 2023 година Банков извод бр. 6 од 04.04.2024 г., |
| 4. | 49- Инвестиции | 124.148.342 | - |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | **Вкупно:** | **126.030.482 денари** | |
|---|---|---|---|

## 47 – Фолклорна дејност

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на установата за 2024 година од областа на фолклорната дејност бр. 21-2821/1 од 29.02.2024 г., преку МК, на Центарот му се одобрени **1.100.000** денари, а заклучно со 17.04.2024 г., преведени му се средства во износ од **870.000 денари**, и тоа **800.000 денари**, за програмски активности за 2024 година и **70.000** денари за материјални трошоци. Дополнително, по повеќе решенија, на Центарот му се преведени и **362.140** за комунални услуги (вода и ѓубретарина) и греење.

Трошоците за реализација на проектот од областа фолклорната дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| **Р.бр.** | **Назив на проект** | **Одобрени** | **Преведени** | **Реализирани трошоци** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Концерт на Ансамблот Шота од Приштина | 250.000 | 200.000 | 195.000 | Проектот е реализиран<br>-Трошоци за изнајмување на систем за озвучување и осветлување по ф-ра бр. 19/2024 од 15.04.2024 г., издадена од ТП Дани Музика, Тетово<br>-Трошоци за сместување на гости и заедничка вечера по концертот по две ф-ри бр. 04/2024 и бр. 05/2024 од 15.04.2024 г.,<br>-Трошоци за изработка и печатење на покани, билбоарди и плакати издадени од НБ Хотел и Спа, Тетово<br>Платено по Банков извод бр. 11 од 18.04.2024 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | *Центарот има обврска за исплата на хонорар по три авторски Договори бр. 0307-176/1 од 05.04.2024 г., бр. 0307-176/2 од 05.04.2024 г., 0307-176/3 од 05.04.2024 склучени со за модератор и за фотограф и видео снимање и со ангажиран како сценски работник *5.000 денари се на жиро-сметката на Центарот |
| 2. | Годишен Фолклорен Концерт на КУД „Целадин Зекири“ | 150.000 | 120.000 | - | **Според оперативниот и финасиски план Проектот треба да се реализира во месец ноември 2024** |
| 3. | 19-Мај, Младински концерт | 100.000 | 80.000 | - | **Според оперативниот и финасиски план Проектот треба да се реализира во месец мај 2024** |
| 4. | Фестивал на староградски песни „Теута“ | 500.000 | 400.000 | - | **Според оперативниот и финасиски план Проектот треба да се реализира во месец септември 2024** |
| | **Вкупно:** | **1.000.000 денари** | **800.000 денари** | **195.000 денари** | **- 5.000 денари се на жиро сметката на Центарот, според Банков извод бр. 11 од 18.04.2024 г.,** |
| **Материјални трошоци, комунални услуги и греење** | | | | | |
| **Р.** | **Намена** | **Одобрени** | **Преведени** | **Реализирани** | **Забелешки** |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| бр | | | | трошоци | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Материјални трошоци | 100.000 | 70.000 | 62.802 | -Трошоци за средства за хигиена, канцелариски материјал, птт услуги, фиксна телефонија и интернет, тонери, материјали и средства за одржување – платено по Банков извод бр. 9 од 01.04.2023 г., |
| 2. | Комунални услуги (вода и ѓубретарина) | 362.140 | 362.140 | 281.887 | -од кои 279.528 денари за струја и 2.359 денари за вода и канализација - по повеќе решенија за исплата |
| | **Вкупно:** | **462.140 денари** | **432.140 денари** | **344.689 денари** | |
| | **Се вкупно** | **1.462.140 денари** | **1.232.140 денари** | **539.689 денари** | |

***Според изјавата на в.д. директорот, исплатата на хонорарите за ангажираните лица за реализација на концертот на Ансамблот „Шота“ од Приштина, ќе биде извршена по исплатата на преостанатиот дел од одобрените средства согласно со годишниот договор со МК.**

<u>60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн</u>

Согласно со Договорот бр. 23-3550/1 од 13.03.2024 г., за учество во финансирање на Годишна програма за работа на установата за 2024 г. од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн, на Центарот му се одобрени средства во износ од **510.000 денари**, а заклучно со 18.04.2024 г., преведени се средства во износ од

**450.000 денари**, од коишто **440.000** денари за реализација на проекти од национален интерес од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2024 година и **10.000 денари како преостаната обврска за проект од 2023 година.**

Трошоците за реализација на проектите од областа визуелните уметности, архитектура и дизајн се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени | Преведени | Реализирани | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Колективна изложба „Без наслов-3“ прв дел | 60.000 | 55.000 | - | **Според оперативниот и финасиски план Проектот треба да се реализира во месец ноември 2024** |
| 2. | Самостојна изложба на „Египетско наследство како сликарски мотив“ | 40.000 | 35.000 | - | **Според оперативниот и финасиски план Проектот треба да се реализира во месец јуни 2024** |
| 3. | Самостојна изложба на „Зборуваме со фотографии“ | 50.000 | 45.000 | - | **Според оперативниот и финасиски план Проектот треба да се реализира во месец мај 2024** |
| 4. | Самостојна изложба на „Естетика на текстурата во сликарството“ | 30.000 | 25.000 | - | **Според оперативниот и финасиски план Проектот треба да се реализира во месец мај 2024** |
| 5. | Интернационал на графичка колонија Тетово | 250.000 | 210.000 | - | **Според оперативниот и финасиски план** |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Проектот треба да се реализира во месец јуни 2024** |
| 6. | Самостојна изложба на „Флора“ | 50.000 | 45.000 | - | **Според оперативниот и финасиски план Проектот треба да се реализира во месец октомври 2024** |
| 7. | Street art | 30.000 | 25.000 | - | Проектот е реализиран -обврски за материјални трошоци и коктел, по две ф-ри бр. 0405/24 од 27.03.2024 г. од Доника Плус Холдинг, Тетово и Фиш Хаус Делфин, Брвеница Средствата сеуште не беа исплатени до денот на надзорот |
| | **Вкупно:** | **510.000 денари** | **440.000 денари** | - | |

**<u>41 – Драмска дејност</u>**

Согласно со Договорот бр. 20-2075/1 од 20.02.2024 г., за учество во финансирање на Годишна програма за работа на установата за 2024 г. од областа на драмската дејност, на Центарот му се одобрени средства во износ од **240.000 денари** и заклучно со 18.04.2024 г., преведени се средства во вкупен износ од **200.000** денари, за реализација на проекти од национален интерес од областа на драмската дејност за 2024 година,

Трошоците за реализација на проектите од областа драмската дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени | Преведени | Реализирани | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | „Од црно, поцрно“, автор режија (на албански јазик) | 100.000 | 80.000 | - | **Според оперативниот и финасиски план Проектот треба да се реализира во месец мај и јуни 2024** |
| 2. | „Грев или Шприцер“, автор режија (на македонски јазик) | 140.000 | 120.000 | - | **Според оперативниот и финасиски план Проектот треба да се реализира во месец август и септември 2024** |
| | **Вкупно:** | **240.000 денари** | **200.000 денари** | - | |

10.2. При инспекцискиот надзор е утврдено дека Центарот еднократно или на повеќе денови ги дава во закуп просториите во Центарот, пришто остварува приход на сметката за самофинасирачки активности по овој основ. Во текот на 2024 година, заклучно со денот на надзорот на сметката за самофинасирачки активности, по овој основ Центарот остварил приход од 239.080 денари, а почетното односно пренесеното салдо на средства од 2023 година на 01.01.2024 година изнесувало 194.349 денари. За периодот за којшто се врши надзорот направени се расходи во износ од 381.891 денар, а салдото на сопствената сметка на 18.04.2024 година изнесува 51.538 денари.

За еднократното давање во закуп или за давањето под закуп на повеќе денови на просторот, од страна на УО се донесени ценовници бр. 0202-543/3 од 25.12.2021 г. и бр. 0202-542/3 од истиот датум, со утврдени цени за видови на активности за голема сала, фоаје прв и втор спрат, мала сала, активности во двор (комерцијални концерти, детски фестивали, седници на политички партии, одржување на трибини, фестивали на културно уметнички друштва, театарски претстави, хуманитарни активности и др.) со утврдени цени со вклучено греење и без вклучено греење.

За давањето под закуп на горенаведените простории коишто ги користи Центарот со закупците се склучувани договори со коишто се уредени правата и обврските на договорните страни и износот на средства што закупецот треба да го исплати на центарот по доставена фактура од страна на Центарот.

**11) Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**

- **не се утврдени неправилности во работењето на Центарот од аспект на примена на одредбите од Законот за културата.**

Согласно со горенаведеното, од страна на инспекторот за култура нема да се изрече инспекциска мерка согласно со овластувањата утврдени во Законот за културата и Законот за инспекциски надзор, односно **ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: в.д. директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Маја Митревска, виш инспектор | |
| Датум: | .04.2024 г. | Датум: | 25.04.2024 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk